**С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ЧЕТИРИЕСЕТ И ПЕТТАТА**
**седница на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 10.07.2024 година**

**СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2024 ГОДИНА**
**З А П И С Н И К**

**Од Четириесет и петтата**
**седница на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 10.07.2024 година**

Седницата започна во 11:15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседавачот на Советот на Општина Гази Баба, **Пенка Чудо**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Четириесет и четвртата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Четириесет и четвртата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **24 гласа "ЗА"**.

Пред утврдување на предложениот дневен ред, пред Советот и Градоначалникот на Општина Гази Баба пригодно се обрати поранешниот член и претседател на Совет - Дијана Илиевска, пратеник во Собранието на Република Македонија.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседавач на Совет - **Пенка Чудо**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, **со следните предлози за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно известувањето од стручната служба од 10.07.2024 година и доставен работен материјал од секторот за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следните точки:

**12.** Предлог - Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство во врска со инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче"; и

**13.** Предлог - Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "12"** беше усвоен со **24 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "13"** беше усвоен со **23 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точките "12" и "13" се составен дел на предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **23 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба;
2. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за избор на Верификациона комисија на Советот на Општина Гази Баба;
3. Предлог - Одлука за избор на претседател на Советот на Општина Гази Баба;
4. Предлог - Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за КО Брњарци заради вклопување на бесправно изграден објект, по барање УП1 бр.28-798/2018 за КП 734/2 и КП 734/1 КО Брњарци;
5. Предлог - Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-719/2018 за КП 4682 и КП 4680/1 КО Сингелиќ - 1;
6. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година;
7. Предлог - Програма за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2024 година;
8. Предлог - Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2024 година;
9. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За реконструкција на Дом на култура "11 Октомври" во населба Ченто;
10. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година;
11. Предлог - Одлука за отстапување на право на сопственост и распределба на движни ствари - прочистувачи на воздух, на јавните установи за деца - детски градинки на подрачјето на Општина Гази Баба;
12. Предлог - Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство во врска со инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче"; и
13. Предлог - Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга.

Претседавачот на Советот информираше дека по точките 12 и 13 од утврдениот дневен ред, во текот на седницата ќе заседава комисијата за локален економски развој.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, редоследно беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседавачот на советот ги извести членовите на советот дека расправа по однос на констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба, согласно член 29 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, **не è овозможена**.

Согласно член 153 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба - "Со **заклучок**, Советот утврдува оценки, односно **констатации** за состојбите и зазема ставови и гледишта во врска со прашањата што ги претресува."

Советот го донесе Заклучокот за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за избор на Верификациона комисија на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на Верификациона комисија на Советот на Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за избор на претседател на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседавачот на Советот ги извести присутните за постапката за избор на Претседател на Советот, која начелно е уредена со член 19 од Статутот на Општина Гази Баба, односно целосно нормативно е регулирана со членови 33 и 34 односно од член 38 - 57 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба.

Согласно одредбите од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба изборот се врши по правило со јавно гласање, но по предлог на член на Советот, постапката за избор на Претседател на Советот може да се изврши и со тајно гласање. За предлогот одлучува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број на советници.

Пред да се премине на вообичаената постапка за избор на Претседател со јавно гласање, Претседавачот на Советот праша **дали има предлог за избор на Претседател на Советот со тајно гласање** ?.

Никој не се јави за збор.

Претседавачот на Советот ги покани членовите на Советот да земат збор и да дадат предлози за кандидати за Претседател на Советот.

За збор се јави членот на Советот - **м-р Александар Каровски** (Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

Во име на советничката група на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, за Претседател на Советот го предложи членот на Советот - м-р **САШО КУКЕСКИ**.

Поради тоа што никој друг не даде свој предлог, Претседавачот на Советот констатираше дека е даден 1 (еден) предлог за кандидат за Претседател на Советот, ја затвори расправата и се премина на избор на Претседател на Советот со јавно гласање.

Првиот и единствен предлог - членот на Советот **м-р САШО КУКЕСКИ** да биде избран за Претседател на Советот на Општина Гази Баба го стави на гласање.

За предлогот **20** членови на Советот гласаа **"ЗА"** .

Претседавачот на Советот констатираше дека за претседател на Советот на Општина Гази Баба е избран членот на Советот - **м-р САШО КУКЕСКИ**.

Советот ја донесе Одлуката за избор на претседател на Советот на Општина Гази Баба, **со 20 гласа "ЗА"**.

Со седницата продолжи да раководи Претседателот на Советот - м-р Сашо Кукески.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за КО Брњарци заради вклопување на бесправно изграден објект, по барање УП1 бр.28-798/2018 за КП 734/2 и КП 734/1 КО Брњарци.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за КО Брњарци заради вклопување на бесправно изграден објект, по барање УП1 бр.28-798/2018 за КП 734/2 и КП 734/1 КО Брњарци, со **18 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-719/2018 за КП 4682 и КП 4680/1 КО Сингелиќ - 1.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-719/2018 за КП 4682 и КП 4680/1 КО Сингелиќ - 1, со **18 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година, со **19 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2024 година, со **22 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2024 година, со **21 глас "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За реконструкција на Дом на култура "11 Октомври" во населба Ченто.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За реконструкција на Дом на култура "11 Октомври" во населба Ченто, со **22 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, со **21 глас "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за отстапување на право на сопственост и распределба на движни ствари - прочистувачи на воздух, на јавните установи за деца - детски градинки на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за отстапување на право на сопственост и распределба на движни ствари - прочистувачи на воздух, на јавните установи за деца - детски градинки на подрачјето на Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот даде **пауза од 10 минути** за да се одржи седница на комисија за локален економски развој, за да завземе став и поднесе извештај до советот по однос на точките:

**12.** Предлог - Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство во врска со инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче"; и

**13.** Предлог - Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга.

**По паузата.**

Пред преминување на расправа и одлучување по преостанатите точки од утврдениот дневен ред, беше соопштен ставот на комисијата за локален економски развој.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство во врска со инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче".**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство во врска со инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче", со **17 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга, со **20 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - м-р Сашо Кукески, ја заклучи Четириесет и петтата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **12:10** часот.

**Број 09-4601/2**
**од 27 август 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот